Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 248//0306
13.05 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24.04.2025 година, врз основа на примена жалба од **ЈП Водовод и канализација Скопје**, ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Одговорот на демантот на ЈП Водовод и канализација Скопје за текстот **„Наместо да го прочисти, Арсовска го затна Скопје, стигна казна од 1,3 милиони евра!“**, објавен од неделникот Фокус на 10.04.2025 г. во бр.1540, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 11.04.2025 г., упати жалба за начинот на кој Фокус го објавил демантот на ЈП Водовод и канализација Скопје за текстот „Наместо да го прочисти, Арсовска го затна Скопје, стигна казна од 1,3 милиони евра!“, објавен од неделникот Фокус на 10.04.2025 г. во бр.1540, при што се жали дека „веднаш до демантот е објавен одговор на демант во кој повторно се изнесуваат невистинити тврдења за факти зачинети со навреди“. Притоа, во жалбата, меѓу другото, се наведува дека „Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета предвидел можност оштетената страна да ја ублажи штетата со демант, но не е јасно според кои новинарски стандарди и етички кодекс е предвидена можност на медиумот или новинарот да дава критика и напад на демантот, на тој начин медиумот ја дерогира смислата на демантот како форма на одговор на засегната страна и средство за ублажување на штета“.

Во жалбата на СЕММ не му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски принтскрин од текстот на демантот и одговорот или линкот од објавата), освен поширoко образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот, во кој целосно се отфрлаат наводите од жалбата. Во одговорот меѓу другото се вели: „Демантот го испратија експресно, само неколку дена по излегувањето на текстот. А, истиот демант е објавен во наредниот број на неделникот „Фокус““ – се вели, меѓу другото, во одговорот од медиумот испратен од новинарката Ирена Мулачка.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека одговорот на демантот на ЈП Водовод и канализација Скопје за текстот **„Наместо да го прочисти, Арсовска го затна Скопје, стигна казна од 1,3 милиони евра!“**, објавен од неделникот Фокус на 10.04.2025 г. во бр.1540, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за објавен одговор на демант на Јавното претпријатие Вовод и канализација Скопје за претходно објавен текст кој третира прашање што е од јавен интерес, односно прашање поврзано со изградба на пречистителна станица во Скопје за водите од река Вардар.

Комисијата констатираше дека медиумот постапил согласно етичките и професионалните стандарди во информирањето. Поконкретно, медиумот се придржувал до одредбата во член 3 од Кодексот на новинарите која му налага дека ќе **„настојува да биде објавена исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена утврдена неточност на информацијата“**.
Медиумот, иако смета дека не станува збор за неточност во информирањето, а имајќи предвид и дека навремено упатил барање за одговор од засегнатата страна, сепак постапил етички и професионално објавувајќи го демантот. Притоа, медиумот го искористил и своето право да напише дополнителен текст покрај објавениот демант, токму затоа што сметал дека не направил грешки во информирањето. Сепак, медиумот внимавал демантот да биде објавен во првиот нареден број на неделникот, внимавал двете содржини да бидат одвоени, а го почитувал и новинарското правило одговорот на демантот да не биде поголем од самиот демант.

Комисијата ја отфрла забелешката на жалителот кој се повикува на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета и потенцира дека се занимава со етичките прашања кои се регулирани во Кодексот на новинарите, како и во прирачниците и насоките за негово почитување.
Поради ова, Комисијата заклучи дека не е прекршен Кодексот на новинарите на Македонија.
Комисијата сака да напомене дека жалителот во овој случај до СЕММ не доставил и принтскрин од објавениот текст, што е спротивно на процедурите за испраќање жалба, па иако Комисијата направи дополнителне напор да дојде до текстот, во иднина нема да прави такви исклучоци и таквата жалба ќе биде отфрлена од процедурални причини.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595